Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative Procedurë të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 19. 3. 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Nj. organizative | | | Вредност |
| 1005 | 512/1 | | |

заверено на 20.03.2025

[redacted]

Бр. 03/2025/2/212и
18. 03 2025 год.
СКОПЈЕ

[redacted]

Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

18.03.2025 година, Скопје

**До:**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**
Бул. Гоце Делчев бр.18 (зграда на МРТВ кат 11)
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Арх. знак/Shenja arkivore ______
Рок на чување/Afati i ruajtjes ______
______ 20___ год./
Потпис/Nënshkrimi

**Подносител:**
[redacted]
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Врз основа на член 4 и Член 12 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер[1], поднесуваме:

## БАРАЊЕ ЗА ИНФОРМАЦИИ

**ВРСКА: Жалба од 14.01.2025 година, против Решение ИП1-22-58 на државен инспектор за животна средина при Државен инспекторат за животна средина, донесено на ден 04.10.2024 година**

Почитувани,

На ден 14.01.2025 година [redacted]је до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен достави Жалба против Решение ИП1-22-58 на државен инспектор за животна средина при Државен инспекторат за животна средина, донесено на ден 04.10.2024 година.

Бидејќи од Вас се уште немаме добиено информации во врска со преземени активности, **молиме да не информирате за Вашето постапување во врска со горенаведената жалба, односно дали е донесена конкретна одлука/решение.**

Ве молиме да постапите по ова Барање во најкус можен рок, а најдоцна 20 дена од денот на прием на истото, во согласност со Член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Одговорно лице за контакт:
[redacted]

Со почит,
[redacted]

СКОПЈЕ

[1] Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор втор степен**

03.04 2025

**Архивски број:** 1005-512/2

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ" бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
### за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер

1. Барањето за пристап од информации од јавен карактер поднесено од [redacted] преку извршен директор Искра Стојковска **СЕ УВАЖУВА.**
2. Бараната информација ќе биде доставена на начин како што е наведено во барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

### Образложение

На ден 19.03.2025 г. од страна на [redacted] преку извршен директор [redacted] до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер. Во Барањето е наведено дека на ден 14.01.2025 г. [redacted] има изјавено жалба против Решение ИП1-2-58 на Државен инспекторат за животна средина од 04.10.2024 г.

Во барањето е наведено дека подносителот го доставува Барањето од причина што до сега нема добиено информации во врска со преземени активности за поднесената жалба, односно дали е донесена конкретна одлука/решение.

Постапувајќи по Барањето, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен ја дава следнава информација:

Жалбата поднесена од страна на [redacted] на ден 15.01.2025 г. е доставена до Државната комисија и истата е заведена под број 1202-13. Со оглед на тоа што се работи за жалба која е непосредно доставена, Државната комисија на ден 27.01.2025 г. се обрати до надлежен првостепен орган. Постапувајќи по барањето, првостепениот орган на ден 13.02.2025 г. ги достави


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

бараните списи. Предметот веќе е задолжен кај стручната служба на Државната комисија, но при тоа треба да се има предвид дека по предметите се постапува хронолошки.

Согласно погоренаведеното, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Претседател**
**Илче Мушаревски**

Изготвил: Наталија С.Филипова

**Република Северна Македонија**

**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lire në informacione me karakter publik - Shkup

| Примено: Pranuar: | 29.04.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број Numri | Прилог Pranoi | Вредност Vlera |
| | | | |

29.04 2025 година

Архивски број: 1005-610/3

До: Агенција за пристап до информации од јавен карактер

Предмет: Известување

Почитувани,

Во врска со Решението со Ваш број 08-124 од 23.04.2025 г. доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Ве известуваме за следново:

Постапувајќи по поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер од страна на [redacted], Државната комисија донесе Решение со број 1005-512/2 од 03.04.2025 г. Донесеното Решение на ден 10.04.2025 г. по пошта е испратено до подносителот на Барањето.

Исто така, по електронски пат Решението на ден 17.04.2025 г. е испратено до подносителот. Од сето погоре наведено, произлегува дека Државната комисија постапи согласно насоките на Решението со Ваш број 08-124 од 23.04.2025 г.

Притоа, посебно сакаме да наведеме дека подносителот по електронски пат до Агенција за пристап до информации од јавен карактер и до Државна комисија достави известување во кое е наведено дека ја прекинува постапката по жалба и од тие причини нејасно е зошто второстепениот орган не го зел предвид овој факт при постапување по жалбата.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Прилог: Решение број 1005-512/2 од 03.04.2025 г. (фотокопија)
- Приемна книга (фотокопија) ;
- Известување за доставување Решение по електронски пат;
- Известување по електронски пат за прекиување на постапка по жалба

Изготвил:Наталија С.Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk